**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18, 1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
***www.mrt.com.mk***

Врз основа на член 124 став 1 алинеа 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл.весник на Р.Македонија бр.184/13,13/14,44/14, 101/14,132/14,142/16,132/17,168/18,248/18 и 27/19 и Сл.весник на РС Македонија бр.154/19,42/20,48/21,77/21,154/23 и 55/24) и член 39 став 1 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот совет на МРТ на својата 278.седница одржана на 28.04.2025 година, ја донесе следнава

МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 02-1806/5
30.04.2025 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

## за поништување на Јавниот конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ

**I.** Се поништува Јаниот конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ со бр.02-1806/3 објавен на 24.03.2025 година.

**II.**Пристигнатите пријави нема да бидат земени во предвид.

**III.**Пристигнатите документи за исполнување на бараните услови по конкурсот да се вратат по пошта во затворен плик до пријавените кандидати.

**IV.**Одлуката да се објави на ВЕБ страната на МРТ.

**V.** Оваа одлука стапува во сила со денот на донесување.

**VI.**Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директор на ЈРП МРТ,
- Одделение за стручна и техничка поддршка на ПС и НО,
- Архивата на МРТ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Програмскиот совет на МРТ утврди дека по објавениот Јавен оглас за избор на членови на Надзорниот одбор се пријавил многу мал број на кандидати. Оваа околност го нарушува основното начело на обезбедување на фер и конкурентен изборен процес, кој е клучен за избор на најквалификувани и најсоодветни кандидати за вршење на оваа важна функција. Недоволниот број на пријавени кандидати значително ја ограничува можноста за вистинска проценка и споредба на стручните компетенции, искуството и етичките стандарди на апликантите, со што се намалува веројатноста за избор на најсоодветен состав на Надзорниот одбор.

Понатаму, ваквата состојба може да доведе до ризик од перцепција за нетранспарентност и селективност во постапката, што би го нарушило кредибилитетот на целиот процес и на самата институција. Со оглед на значењето на Надзорниот одборна МРТ за осигурување на отчетноста и законитото работење на МРТ, како и на обврската за обезбедување на високи стандарди на јавната функција, Програмскиот совет на МРТ оцени дека се исполнети условите за поништување на огласот и за повторно објавување на јавен конкурс под подобрени услови кои ќе овозможат поширока конкуренција и избор од поголем број на квалитетни кандидати.

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател